ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА
VIENNA INSURANCE GROUP

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

**Предмет:** Објава на предлог за избор на член на Надзорниот одбор

**Датум:** 07.12.2016 година

**Почитувани акционери и други заинтересирани страни,**

Ве информираме дека поради престанок на мандатот на Г-дин Румен Иванов Јанчев од функцијата член на Надзорниот одбор на Друштвото, доминантниот акционер на Друштвото донесе предлог за нов член на одборот да биде именуван Г-дин Зоран Димов. Од страна на доминантниот акционер споменатиот предлог е повлечен и доставен е нов предлог. Во конкретниот случај Vienna Insurance Group предлага за нов член на Надзорниот одбор на презакажаното собрание (13.12.2016) да биде избран **Г-дин Волфганг Печко** (**Wolfgang Petschko**). Во врска со претходниот предлог, согласно одредбите од Законот за трговските друштва, информации можат да се најдат во прилог на оваа објава и на официјалната интернет страница на Друштвото.

Со почит,
**Претседател на Управен одбор**

**Бошко Андов**

**Осигурување Македонија а.д. Скопје - Виена Иншуренс Груп** е симбол за осигурување во Македонија, како и за доверба, сигурност и финансиска стабилност. Основана е 1945 година како Државен осигурителен завод. Со последната приватизација во 2013 година стана дел од Vienna Insurance Group. Компанијата има големо искуство и познавање на осигурителната индустрија и успешно се усогласува со модерните токови на пазарот, што обезбедува најдобра услуга и квалитетна осигурителна понуда за клиентите.

**Vienna Insurance Group (ВИГ)** е водечко име на полето на осигурувањето во Австрија, исто така и во Централна и Источна Европа. Околу 50 компании во 24 земји формираат група со долгогодишна традиција, силни брендови и блиска поврзаност со корисниците.( ВИГ) Виена иншуренс груп има речиси 190 години искуство во осигурителниот бизнис. Со околу 23.000 вработени ВИГ е јасен лидер во пазарите кадешто работи. Компанијата е извонредно позиционирана да ги искористи можностите за развој на долг рок во регион со 180 милиони луѓе. Vienna Insurance Group е фирма со најдобар рејтинг на ATX, којшто е водечки индекс на виенската берза. Акциите на ВИГ исто така котираат и на берзата во Прага.

**Осигурување Македонија а.д. Скопје, Виена Иншуренс Груп**
**Адреса: Ул."11 Октомври" број 25,1000 Скопје**
**Веб страна:** www.insumak.mk
info@insumak.mk